ОДУ.бр.532/20

Република Северна Македонија

НОТАР

НАДА ПАЛИЌ

ул."Пролет" број 35А Скопје

2020.11.30

# НОТАРСКИ АКТ

## Записник

од Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Република Северна Македонија

**НОТАР**

**НАДА ПАЛИЌ**

на подрачјето на основните судови на град Скопје

ул."Пролет"број 35А Скопје

2020.11.30

13:00(тринаесет)часот

ОДУ.бр.532/20

ИЗВОД

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаидваесета година, месец ноември, ден триесети, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 03-12910 од 02.11.2020 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 30.11.2020 ( ден триесети, месец ноември, двеилјадитаидваесета) година, со почеток во 13:00 (тринаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Собрание на акционери, го сочинив следниот ---------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------

---------------------------- **З А П И С Н И К** ----------------------------

------------**од Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје** ------------

---------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:---------------------------

---------------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје е запишано во единствениот трговски регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020200281742 од 30.11.2020 година.---------------------------

---------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската Книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 27.11.2020 година – 11:56:45 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN MKTNBA101019 /прилог на овој записник кон изворникот/ и Акционерската Книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 30.11.2020 година – 08:20:52 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN MKTNBA101019, која е прилог на овој записник, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854061 (осумстотинипедесетичетириилјадиишеесети еден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000 МКД (осумстотинипедесетичетиримилионии шеесетиеднилјададенари), број на гласови 854061 (осумстотинипедесетичетириилјадиишеесети еден), состојба-Активен, број на иматели 921 (деветстотинидваесетиеден), со број на сопственички позиции 931 (деветстотинитриесетиеден).---------------------------

---------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга од 30.11.2020 година, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.---------------------------

---------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно Одлука за свикување на Собрание на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката, заведена под број 0203-279 од 28.10.2020 година, која е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен повик во дневниот весник "Нова Македонија" од 29.10.2020 (ден дваесетидевети, месец октомври, двеилјадитаидваесета) година, во кој е објавен дневниот ред на Собранието на акционери, кој е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 13:07 часот (тринаесетчасотиседумминути) и ја отвори акционерот Донка Марковска - Претседавач на претходната седница на Собрание на акционери, која најпрвин ги поздрави присутните акционери и констатира дека во законскиот рок е објавен јавниот повик за свикување на Собрание на акционери, а врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник, така што од вкупниот број 854.061 обични акции од кои право на глас имаат 853.245 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **745.585 акции со право на глас** што претставува **87,4 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга која е издадена на денот на одржување на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство од 18.11.2020 година, преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје, врз основа на Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана од 18.11.2020 година, заверено кај Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.OB 5742/2020 од 20.11.2020 година, а кое е прилог на овој записник ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Собрание на акционери, се предлага следниот:------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------**Д Н Е В Е Н Р Е Д**------------------------------------------

**1.Избор** на Претседавач на Собранието; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.Избор** на Записничар и на бројач на гласови на Собранието; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.Предлог – Одлука** за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.Предлог – Одлука** за утврдување висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.Предлог – Одлука** за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје; ---------------------

**6.Предлог – Одлука** за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје; ---------------------

**7.Предлог – Одлука** за усвојување на пречистен текст на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје; ---------------------

**8.Информација** за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје; ---------

**9.Предлог – одлука** за именување член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.------------------

Акционерот Донка Марковска вака предложениот Дневен ред го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложениот Дневен ред е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа 745.585 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------

Се констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен.---------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Собрание на акционери беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Секторот за правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД скопје www.nlb.mk, а увид беше овозможен и пред почетокот на седницата на Собранието.---------------------

Се премина на точка 1 од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието**.---------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Со оглед на тоа што неговиот мандат истекува со изборот на претседавач на оваа седница на Собранието отвори расправа по првата точка од дневниот ред. Исто така појасни дека согласно законските прописи претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор, па праша дали има предлози за Претседавач на Собранието. За збор се јави адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, па за Претседавач на ова Собрание на акционери предложи повторно да биде акционерот Донка Марковска. На ваквиот предлог акционерот Донка Марковска праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог. За збор се јави Виолета Јанева-Директор на Сектор за правни работи и секретаријат на Банката, која истакна дека до архивата на Банката е пристигнат писмен предлог од акционерот Богоја Китанев, а со кој по пат на писмена коресподенција ја предлага акционерот Донка Марковска, за Претседавач на ова Собрание, заведен под број 03-126/8 од 30.10.2020 година, кој е прилог на овој записник, па како никој немаше друг предлог, ваквата Предлог-Одлука ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 745.585 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---------------------

Акционерот Донка Марковска констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Претседавач на Собранието**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/ односно **Претседавач на Собранието на акционери**, согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Донка Марковска,** ул.Васил Стефановски број 30 Скопје, со лична карта број А0860932; ЕМБГ 2708976455010 издадена од МВР Скопје на ден 28.03.2011 година.---------------------

Претседавачот на собранието Донка Марковска се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот ред **Избор на Записничар и бројач на гласови на Собранието**.-----------------

Претседавачот на собранието за записничар на денешното Собрание на акционери ја предложи Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието.----- Претседавачот на собранието праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како немаше друг предлог, ваквиот предлог го стави на гласање. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 745.585 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------

Претседавачот на собранието за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери истакна дека се предложени Наташа Чадиковска Поповска, Ана Ташева и Сандра Павлов-правници од Сектор за правни работи и секретаријат на Банката. Претседавачот на собранието праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, ваквиот предлог го стави на гласање. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 745.585 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**, со содржина како Предлог-Одлуката./прилог на овој записник/ --

Се премина на точка **3** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје.-----------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека Надзорниот одбор на банката предлага Одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје. Имено, согласно добрата ликвидност и финансиска состојба на Банката во текот на годината, како и проценката за идниот развој на економската и финансиската ситуација и нејзиното влијание врз капиталот и ликвидносната позиција на Банката, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му предлага употреба на акумулираната добивка на начин утврден во материјалот за оваа седница. -------

Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката, не е усвоена. ЗА предлогот гласаа 2.201 акции со право на глас, ПРОТИВ гласаа 742.804 акции со право на глас, ВОЗДРЖАНИ гласаа 580 акции со право на глас.------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието **НЕ донесе Одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/.-----------------

Се премина на точка **4** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за утврдување висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година.-----------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за трговски друштва по одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба на Собранието на акционери го определува делот кој што им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според родот и класата на акции.НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обични акции и секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции кои ги поседува.-----------------

Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за утврдување висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката, не е усвоена. ЗА предлогот гласаа 1.186 акции со право на глас, ПРОТИВ гласаа 743.669 акции со право на глас, ВОЗДРЖАНИ гласаа 580 акции со право на глас. Согласно член 407 став (1) тока 9 од Законот за трговски друштва се констатира дека од гласање се огради и не гласаше акционерот Борис Соколов со 150 акции со право на глас.------------

Претседавачот на собранието консататира дека Собранието **НЕ донесе Одлука за утврдување висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/.------------------------------------------

По самото констатирање на Претседавачот дека Собранието не донесе Одлука за утврдување висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година, за збор се јави акционерот Борис Соколов кој истакна дека ваквото гласање морално не е во ред, дека ова не е мала работа, се работи за голема работа и по истиот доминатниот акционер е во дирекна врска со раководството на банката и се ова не е логично. Па праша од кого е предолжена ваквата предлог-одлука.На ова прашање Претседавачот одговори дека е предложена од Надзорниот одбор на банката. Повторно зема збор акционерот Борис Соколов и истакна дека ова нема логика што значи банката гласа против. На ваквата констатација збор зема адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана кој истакна дека како акционер гласал против ваквата предлог-одлука и тоа нема никаква врска со раководството на банката. За збор се јави акционерот Борислав Атанасовски кој истакна дека постои дилема дали со дописот на Народна Банка се повредува некоја одредба од доверливост на податоците, дека треба да реагира Комисијата за хартии од вредност, со оглед на тоа дека се работи за чуствителни информации. За збор се јави акционерот Моме Веселиновски кој истакна дека дописот на Народна банка до НЛБ Банка АД Скопје е испратен на 04.11.2020 година, а НЛБ Банка АД Скопје информацијата ја дава на 06.11.2020 година. На ваквта констатација одговор даде Виолета Јанева - Директор на Сектор за правни работи и секретаријат на Банката која истакна дека материјалите за ова собрание се објавени 30 дена пред одржувањето на оваа седница. Дополнително по објавувањето на дневниот ред од Народна Банка е стигната чуствителна информација и истата согласно законските прописи е објавена на СЕИ-НЕТ официјалната страна на Македонска берза и појасни дека секој акционер за предлог одлуките дадени на усвојување на собрание одлучува по свое сопствено убедување на денот на одржување на собранието. За збор се јави акционерот Борис Соколов кој истакна дека Надзорниот одбор имал негативен став или знаел дека доминатниот акционер ќе гласа против ваквата предлог-одлука. За збор се јави акционерот Борислав Атанасовски кој отвори дилема дали од објавувањето на информацијата до денешен ден имало инсајдерски информации, согласно што би требало да се вклучат други институции.-------------------------------------------------------------------

По исцпрната дискусија Се премина на точка **5** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје; ---------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје предлага Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката. Измените на Статутот се вршат поради дополнувања и измени кои се однесуваат на ажурирање на постојните одредби на Статутот во однос на доставување и на полугодишен Извештај до Надзорниот одбор од страна на Овластено лице за услогласување со лице за спречување перење пари и Службата за услогласеност со прописите и информативна сигурност, како и ажурирање на одредбата за банкарската тајна согласно изментите на

Законот за банки, а согласно Извештајот од Службата за усогласување со прописите и информативна сигурност за спроведена оцена на Статутот на Банката. Дополнително со предложените измени се врши усогласување на текстот на Статутот со одредба од Законот за трговски друштва, која се однесува на овозможување гласање со коресподенција на Собранието на акционери, а која Одлука ќе стапи на сила по добивањето на Согласност од Гувернерот на НБРСМ.----

Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.435 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Согласно член 407 став (1) токча 9 од Законот за трговски друштва се констатира дека од гласање се огради и не гласаше акционерот Борис Соколов со 150 акции со право на глас.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/.------------------------------------------------------------

Се премина на точка **6** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје.-----------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје се вршат поради усогласување со измените во Статутот на Банката, кои се однесуваат на усогласување на текстот на Статутот со одредба од Законот за трговските друштва, која се однесува на овозможување на гласање со кореподенција на Собранието на акционери. По ваквото образложение седницата на Собранието на акционери ја напушти акционерот Борис Соколов со 150 акции со право на глас, така што се констатира дека присутни се акционери кои поседуваат 745.435 акции со право на глас што претставува **87,4 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, така Претседавачот на Собранието констатира дека седницата на Собранието на акционери има потребен кворум и истото може да продолжи со својата работа, па праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.080 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Согласно член 407 став (1) точка 9 од Законот за трговски друштва се констатира дека од гласање се огради и не гласаше акционерот Моме Веселиновски со 355 акции со право на глас.------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/ ------------------------------------

Се премина на точка **7** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за усвојување на пречистен текст на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје ---------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека на основа на одобрените измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери се предлага усвојување на пречистен текст на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје на

НЛБ Банка АД Скопје, кој е составен дел на материјалите за оваа седница на Собранието и е прилог на овој записник ---------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за усвојување на пречистен текст на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.080 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Согласно член 407 став (1) точка 9 од Законот за трговски друштва се констатира дека од гласање се огради и не гласаше акционерот Моме Веселиновски со 355 акции со право на глас.---------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на пречистен текст на Деловодникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/ ---------------------------------------------------------------

Се премина на точка **8** од Дневниот ред **Информација** за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.---------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка од дневниот ред односно по Информацијата за поднесена оставка од г-ѓа Хедвика Усеник, член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, истакна дека членот на Надзорниот одбор г-ѓа Хедвика Усеник до Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје поднесе писмена оставка од функцијата на член на Надзорниот одбор на Банката на ден 23.10.2020 година, заверена од Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ 5038/2020 од 23.10.2020 година, која е прилог на овој записник. Имено, согласно лен 364 од Законот за трговските друштва по поднесена оставка не се одлучува за нејзино прифаќање. Се смета дека членот на Надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум. Во поднесената оставка г-ѓа Хедвика Усеник има наведено дека ќе продолжи да ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор до добивање согласност од Гувернерот на НБРСМ, за членот на Надзорниот одбор кој ќе биде именуван како нејзина замена. Согласно член 58 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор на правата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетото место за остатокот од мандатот. Па Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието ја разгледа и ја прифати **Информацијата за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор, г-ѓа Хедвика Усеник**.---------------------------------------------------------------

Се премина на последната точка **9** од Дневниот ред **Предлог – одлука** за именување член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.---------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека имајќи ја предвид оставката на членот на Надзорниот одбор г-ѓа Хедвика Усеник од доминантниот акционер НЛБ дд Љубљана даден е предлог за именување на г-дин Борут Вујчич за нов член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје за период за остатокот од мандатот на г-ѓа Хедвика Усеник односно до 11.09.2021 година. Во прилог на материјалите за ова собрание е Биографијата на г-дин Борут Вујчич, која е прилог на овој записник. Согласно 58 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор на правата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетото место за остатокот од мандатот. Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за именување на член на Надзорниот одбор, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно.---------------------------------------------------------------

По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката за именување на Борут Вујчи за член на Надзорниот одбор е едногласно усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.080 акции со право н глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Согласно член 407 став (1) точка 9 од Законот за трговск друштва се констатира дека од гласање се огради и не гласаше акционерот Моме Веселиновски с 355 акции со право на глас.-----------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за именување на член н Надзорниот одбор**, со содржина како Предлог-Одлуката/прилог на овој записник/.-----------------

Поради исцрпување на дневниот ред, Претседавачот го заклучи Собранието на акционери на НЛ Банка АД Скопје во 13:40 часот (тринаесетчасотичетириесетминути).-----------------------------

Овој записник лично го составив на осум страници од осум листа, го следев целокупниот тек н седницата на Собранието на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија н седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките за што Претседавачот на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.----------------

**Претседавач на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**--------------------------------

______________________________________________________с.р.------------------------------------------------------

**Акционер Донка Марковска**------------------------------------------------------------------

При составување на записникот се издадени изводи еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопје со сите прилози кон оваа исправа и еден без прилози кон оваа исправа, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија со сите прилози кон оваа исправа, еден за упис во Централен Регистар на Република Северна Македонија-Скопје, без прилози кон оваа исправа, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.--------------------------------------------------------------------------

Нотарска награда по член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,00* денари и надоместок на трошоци по член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *960,00* денари.-----

**ОДУ.бр.532/20**----------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје 2020.11.30 - Двеилјадитаидваесетагодина, месец ноември, ден триесети.--------------------

**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основниот суд на градот НОТАР НАДА ПАЛИЌ СКОПЈЕ

Јас НОТАР НАДА ПАЛИЌ

ул. Дрољет бр. 35А Скопје

(име, презиме и седиште)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кого не се приложени - се приложени ___ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 532/20

Во Скопје 30.11.2020 година

НОТАР

(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР НАДА ПАЛИЌ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ